**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 08-16
24.01. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Дописите од Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, Уп1бр.08-16 од 15.01.2018 година и арх.бр.03-411/1 од 17.01.2018 година, Изјавата од управителот на ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, кој е и единствен основач на радиодифузерот ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, (заверена на нотар) УЗП бр.457/2018 од 12.01.2018 година, а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-52 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво (Општина Долнени, Општина Прилеп и Општина Кривогаштани), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик и на бошњачки јазик.

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени достави дописи, Уп1 бр.08-16 од 15.01.2018 година и арх.бр.03-411/1 од 17.01.2018 година, во кои наведе дека ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, заклучно со 12.01.2018 година ќе престане со емитување на телевизиска програма. Во прилог на Дописот (арх.бр.03-411/1) од 17.01.2018 година, беше доставена Изјава од управителот на ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, кој е и единствен основач на радиодифузерот ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, (заверена на нотар) УЗП бр.457/2018 од 12.01.2018 година, со која изјавува дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени заклучно со 12.01.2018 година престанува со емитување на телевизиска програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или

телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и Изјавата од управителот на ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, кој е и единствен основач на радиодифузерот ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, (заверена на нотар) УЗП бр.457/2018 од 12.01.2018 година, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Изјавата од управителот на ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, кој е и единствен основач на радиодифузерот ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, (заверена на нотар) УЗП бр.457/2018 од 12.01.2018 година, а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени; и
- Агенцијата за електронски комуникации.